Електронски Информатор

01. јули 2006

Број 25

**Прва детска амбасада во светот– Меѓаши,** Република Македонија




**Дел од содржините во овој број:**


| | |
|---|---|
| *Глобална недела на акција 2006* | ***1-2*** |
| *Ребека во нашата лоби група* | ***3*** |
| *Меѓаши на Баскерфест* | ***4*** |
| *Семинари во Претор и Охрид за младинците* | ***5*** |
| *Собрани 29.350,00 денари од касички* | ***5*** |
| *Нова кампања со гимназијата НОВА* | ***6*** |
| *СОС телефон 0800 1 2222; Кршење на детските права* | ***7*** |


**Дипломатски кор**

- Италијанскиот Амбасадор, **Н.Е. Антонио Дилето** има редизајниран сајт за нашата Амбасада на италијански јазик: www.childrensembassy.it
- Нов член на дипломтаскиот кор е **Н.Е. Марк Фушер, Почесен Конзул** во Ланемезан-Франзија– носител на дипломатски пасош број #00254

## Глобална недела на акција 2006 “Да ги вклучиме сите деца во образованието”

Последната недела од месец Април (24.04-30.04) ја посветиме на светската кампања “Глобална недела на акција 2006” чија тема оваа година беше “Да ги вклучиме сите деца во образованието”. Глобалната недела на акција секоја година на светско ниво ја организира интернационалната мрежа **Global Campaign for Education**.

“Од 24-30 април, граѓанско општество составено од активисти за детски права, групи од наставници и НВОа, покажаа дека навистина се грижат да обезбедат секое дете да добие квалитетно образование, донесено од квалитетен наствник. Обединети во оваа задача, во 112 земји во светот, милиони деца и возрсани вклучени во кампањата одржуваа симулирни судски сослушувања, подучуваа, маршираа по улици, боеа слики, праве постери, се среќаваа со официјални лица, гласаа за наставници и го додадоа својот глас кон кампањата.“ Меѓу познатите личности кои се вклучија во оваа кампања



беше и **Анџелина Џоли.** И Македонија беше дел од оваа глобална кампања. Кампањата започнаа со марш на Градскиот Плоштад. Благодарение на **Акцент Медиа**, 10



***450 деца и нивните наставници марширaа на градскиот плоштад***

билборди со пораката: “На секое дете му е потрбен наставник! - *Ако можеш да го прочиташ ова, тогаш заблагодари му се на наставникот!*” се поставија во центарот на градот за да го означат почетокот на кампањата. (*продолж. На стр.2*)

## *Интернационални волонтери во Амбасадата Меѓаши*

Како и во секоја невладина организација, така и во Детската Амбасада – Меѓаши волонтерската поддршка е од непроценливо значење. Покрај досегашаната можност за воонтирање на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 22 22, Правната и Социјалната служба и на проектните активности, од неодамна можност за волонтирање има и во fundraising одделот на Меѓаши. Новост е и вклучувањето на интернационални волонтери во работата на Меѓаши: **Hetty Nieuwenhuizen** (Холандија) – fundraising ; **Jory Sonneveld** (Холандија) детски работилници и fundraising; **Sanne van den Heuvel** (Холандија) – проектни активности; **Bona Imami** (Швајцарија) – fundraising и Правна служба и **Victor Aleksejvs** (Латвиа) – проектни акитвности и детски работилници.

На 26. април 450 ученици од Скопје заедно со нивните наставници

## Глобална недела на акција 2006 *(продолжение)*

маршираа на градскиот плоштад. Тие маршираа со транспаренти и пораки за вклучување на сите деца во образованието. Истиот настан се одржа и во другите градови во Македонија, со вкупно учество на национално ниво од преку 2000 деца.

На 27 април организиравме состанок со заменик Министерот за финансии, г-дин Максут Али. На овој состанок децата зедно со нивните наставници бараа зголемивање на буџетот за образование – само за вклучување на децата кои не посетуваат задолжително основно образование, кое е загарантирано со Уставот на Република Македонија и Конвенцијата за детски права. Истиот ден, децата и нивните наставници имаа средба со членови на Парламентот од Комисијата за образование, наука и спорт. На оваа средба децата побараа: сите оние деца кои не одат на училиште (18000) да го започнат своето образвание и да се обезбеди оброк за нив, да се отворат нови паралелки за овие деца и да се вработат уште наставници, додека Центрите за социјална работа да бараат од родителите кои добиваат социјална помош потврда дека нивното детете оди на училиште.




Поддршка за Глобалната недела на акција 2006 добивме: **Претседателот на Р.Македонија г-дин Бранко Црвенковски**, **Градоначалникот на Град Скопје г-дин Трифун Костовски**, **Министерството за финансии**, **Собранието на Република Македонија**, **Градот Скопје**, **Општина Велес**, **Општина Боговиње**, **Општина Могила**, **Општина Росоман**, **Општина Штип**, **Општина Неготино**, **ОУ„Живко Брајковски"-Бутел**, **ОУ„К.П. Мисирков"-Радовиш**, **ОУ„Лазо Трповски"-Скопје**, **ОУ„11 Октомври"-Скопје**, ОУ„ **Трајко Андреев"-Велес**, **ОУ„Рајко Жинзифов"-Долно Оризари**, Велес, **СОУ „ Иднина" – Скопје**, **ОУ„Гоце Делчев" – Штип**, **НВО Доверба – Куманово**, **ПХУРТ-Делчево**, **Детски дом 11 Октомври – Скопје**, **ОУ„Васил Главинов" – Велес**, **ОУ„Блаже Конески" – Велес**, **ОУ„Св.Кирил и Методиј" – Велес**, **ОУ„Благој Кирков" – Велес**, **ОУ„ЈХК Џинот" – Велес**, **ОУ„Стојан Бурчевски-Буридан" – Велес**, **ДПТУ Млечен ресторан „ВЕГЕРА" – Скопје**, ни помогна околу обезбедувањето на бели печива за време на маршот во Скопје, **АД „ПИВАРА" – Скопје**, ја подржа акцијата и донираше 20 пакети сокчиња за децата , **Потрага по заедничка основа** кои донираа ЦД-иња од серијата "Наше Наало" за сите учесници, **г-ѓа Виолета Томовска – естраден уметник**, и **г-ѓа Кристина Дикинсон**.

За повеќе информации за тоа како течеше акцијата во другите земји, посетете ја страницата на интернационалната мрежа Global Campaign for Education:

www.campaignforeducation.org



**Еден од десетте билборди– донација од Акцент Медиа**



**Маршот на Градскиот Плоштад**

***Ако можеш да го прочиташ ова, тогаш заблагодари му се на твојот наставник!***

## *Родендени со "Росана"*

Уште три родендени на децата од прифатилиштето за внатрешно-раселени лица беа прославени со тортите на слаткарницата "Росана". Повторно, слаткарницата "Росана" ни излезе во прсерет и со потврдена доверба во нашата соработка донираше три торти за да ги прославиме родендените на овие деца. Ова е само еден од многуте примери на хуманост на пересоналот на "Росана"



кои навистина знаат како да ги придобијат срцата но и стомачињата на овие дечињња и нивните родендендски гости. Соработката со "Росана" трае пет години, и за овој период тие донираа повеќе од 40 роденденски торти!! Уште еднаш, **огромна благодарност до "Росана"** за нивната несебична хуманост!



***Росана досега разубави 40 родендени!!***

## Детската амбасада Меѓаши гостин на Интернационалното училиште QSI

Многуте странци кои привремено живеат тука по некое време одлучуваат да се вратат дома или да заминат на друго место. Она што неможат да го земат со себе го продаваат на "гаражни распродажби". Затоа, училиштето QSI секоја година организира распродажба во нивниот двор, каде на едно место - секој може да го изложи и продава она што не е во можност да го понесе со себе. Помеѓу луксузни автомбили и уметнички слики, купишта книги и ЦД-а, ролерки и велосипеди, специјалитети на интернационалните кујни и егзотични зачини, играчки и покуќнина, и Амбасадата Меѓаши го постави својот штанд. Иако конкуренцијата беше навистина голема, со продажба на нашите украсни магнети и оригами цветови оствариме приход од 3.400 денари. Она што ќе ни остане во сејќавање одличениот настан е прекрсаната атмосферата и соработката која ја започнавме со училиштето QSI.



Распродажбата во Интернационалното училиште QSI

## БЛИЦ!

Софтверската компанија **Nextsense** ја донираше изработката на новата интернет страница на Амбасадата Меѓаши, заедно со лиценца за **webBuilder**, алатка за управување со содржини на чија платформа ќе биде развиено веб решението. Официјалното објавување на редизајнот на нашиот сајт е најавено за наредниот месец.

## Ребека се приклучува на нашата група за лобирање за младинците кои го напуштаат домот "11ти Октомври" и дом-семејството

Како дел од реализацијата на проектот Психо-социјална и едукациска поддршка на децата без родители по напуштањето на домот "11ти Октомври" – чија цел е придонес во социјализацијата и осамостојувањето на младинците кои го напуштаат домот - Првата детска амбасада во светот- Меѓаши организараше обука за компјутери, курсеви за странски



јазици, обука за кулинарски вештини, оснажнување и охрабрување за самостоен живот, лобирање и застапување и директни психо-социјални советувања. Во рамките на овој проект кој е поддржан од Светската банка,



организиравме неколку активности со цел лобирање за вработување на малдинците од проектот. Воспоставивме контакт со Агенцијата за вработување на Р.М., и во рамки на акцијата за чистење и уредување на градот која ја организираше "Град Скопје" веќе е ангажиран еден од младинците од нашата целна група, преговараме и за анагажирање на уште еден младинец. Лобиравме и за вработување на еден младинец во Градски Паркизни, и истиот од месец март 2006 е вработен како курир во ова јавно претпријатие. Во нашите напори за вработувања ја вклучивме и познатата пејачка **Ребека** во нашата лоби група. На 1ви јуни оваа година таа беше наш гостин во Детската Амбасада – Меѓаши и се сретна со младинците од овој проект. На младинците ова не им беше прва средба со Ребека. Тие имале средби со неа уште додека биле во домот, па така самаа средба и разговорите течеа навистина спонтано. Ребека се заложи да им помогне со вработувањето на младите користејќи ги нејзините многубројни контакти. На пријатната средба, таа ги сподели со младинците своите животни искуства и ставови во врска со нејзината работа, и со тоа им даде морална поддршка на младинците.За крај, сите присутни на средбата го добија на подарок новото цеде на Ребека, што дополнително придонесе за незаборавна атмосфера на овој настан.

***Ребека побара CV-а од сите младинци, за да им помогне со вработувањето.***



***ЦД за сите младинци вклучени во проектот.. Со автограм, нормално.***

## Волонтерката Ирина Носачева во Романија

Ние знаме како да ги наградиме нашите волонтери. Ирина Носачева, волнтерка на СОС телефонот за деца и млади, беше пријавена како учесник на меѓународниот семинар во Брашов, Романија. Семинарот, кој се одржа од 22. до 26. мај 2006 беше на тема "Од мултикултурни до интеркултурни заедници", во организација на Советот на Европа.

Покрај Ирена на семинарот учествуваа уште дваесетина учесници од седум европски земји: Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Бугарија, Романија, Молдавија и Турција. Во рамките на самиот семинар, Ирина ни соопшти дека биле опфатени и разработени повеќе различни теми како култура, идентитет, конфликт, ксенофобија, хомофобија, ромафобија, исламофобија и сл, а како метод за работа биле користени разни работилници, групни дискусии, пленарни сесии, игри на симулација и др. Работилниците и активностите кои биле организирани имаат за цел да укажат на последиците од востановените стереотипи за одредени групи на луѓе и за предрасудите што секој ги има во однос на другите. "*Овој семинар беше пријатно и огромно искуство за мене. Имав можност да научам многу, да усвојам методи и техники со кои не сум се сретнала. Меѓу другото, посетив непознати места, запознав прекрасни луѓе од повеќе земји и стекнав пријатели*" вели Ирена.

**Ова е само еден од многуте примери за успешни посети на интернационални семинари, на кои редовно ги испраќаме нашите посветени и мотивирани волонтери.**

**Секој мотивиран и посветен волоонтер се наградува!**

## БЛИЦ! Ревизија

Првата детска амбасада во светот—Меѓаши направи ревизија за 2005 година од независната ревизорска куќа КПМГ за проектот "Другарување низ мултиетничка соработка во пет мултиетнички клубови" и за програмското работење на организацијата за 2005 година. Независното резивосрко мислење ќе биде објавено во нашиот годишен извештај, на нашата интернет страница и во дневниот печат.

## Цеце–Оригами со сопствена точка на Баскерфест

За време на фестивалот Баскерфест, кој се одржа од 26. мај до 4. јуни 2006, учителката по Оригами во нашите детски работилници – Цеце Василевска, имаше 3 настапи на фестивалот.

На детската бина, Цеце имаше инетрактивен настап со нејзините Оригами креации, а присутните деца и родители внимателно ги повторуваа сите чекори. Некој повеќе, некој помалку успешно. Оние деца кај кои веднаш се роди љубов за древната вештина и уметност Оригами, веднаш побара од своите родители да почнат да ги носат во нашите бесплатни детски работилници за да ја усовршат оваа инетерсна



вештина. За највештите, имаше и награди кои ги обезбеди **Радио Равел**, водителот **Ивце Пивце** и спонзорите на настанот. Самата Цеце, беше повеќе од задоволна со посетеноста и заинтересираноста на присутните, а на најмладите им подари специјални Оригами цветови.Оригами цвет и орагами маркер за книга доби и **Scot BlueSky**, со кого Цеце имаше заеднички настап, а инаку беше дојден на БаскерФест како уметник со балони.




**Баскерфест**
26. мај - 4. јуни 2005

## Младинците од проектот психо-социјална поддршка за децата кои го напуштаат домот '11ти Октомври' на семинар во Претор и Охрид

Од **12. до 14. мај** 2006г. во детското одмаралиште "Мите Богоевски" во **Претор** го организиравме дводневен семинар на тема Креативна разработка на конфликти, со младинците кои го напуштија домот "11ти Октомври". Програма која ја подготви тренерскиот тим од Првата детска амбасада во светот- Меѓаши, се состоеше од вежби за креативна разработка на конфликти, форум театар преку симулирање на конфликтни ситуации со глумење улоги како и простор за дискусии во групата – што помогна за поубаво разгледување на личните ставови на младинците за конфликтите и



конфликтните ситуации. Ова беше втор семинар со целната група и веќе се чувствува дека младинците се сензибилизирани за работилничко работење на семинари. Освен вежбите предвидени со работниот план, со групата го поминувавме и слободното време. Се шетавме покрај Преспанското езеро за време на попладневните паузи, во вечерните часови игравме игри и се забавуваме со музика и пеење. **Од 16. до 18. јуни** во **Охрид** се одржа семинар за социјално учење со што младинците се стекнаа со поглема свесност за тоа какви улоги најчесто завземаат во интеракција со другите.



**Забава за време на паузите**

## Нова детска работилница во Амбасадата Меѓаши

Конечно, Детската Амбасада Меѓаши може да се пофали и со спортска работилница. Организатор и тренер на оваа работилница е Јори Соневелд од Холандија, а работилницата се одржува два пати неделно – во понеделник и петок од 18:00 часот. Во моментов оваа работилница ја посетуваат околу 20 деца, момчиња и девојчиња. Иако овие деца понекогаш и самите играат различни игри, спортската работилница на Јори е можност децата да формираат тимови и да се одигра вистински натпревар. Со помош на оваа работилница детската игра се одржува организирана, а децата учат да играат спортуваат според правилата. Тие учат нови правила, трикови и учат подобро да играат. Спортската работилница помага децата да го одржат физичкото здравје – тие имаат редовна спортска активност која можат да ја посетуваат и да тренираат. Покрај тоа, низ многу забава, децата учат да играат и со други деца од различен пол, со различна личност, и со различност физичка сила и флексибилност.Се играат скоро сите спортови, но се разбира најпопуларен во моментов е фудаблот.




## Собрани вкупно 29.350,00 денари од касичките за донации

На средината на март, Првата детска амбасада во светот- Меѓаши започна со кампања за поставување касички за донации на повеќе фреквентни места во Скопје и Македонија. Досега, касички се поставени трговскиот центар Рамстор, хотелите Арка и Карпош, сите продавници на Космофон, сите маркети и продавници на Скопски Пазар, гифт-шопот на Рузвелтова, сите маркети на Тедико, во туристичката агенција Аурора Турс, во Техномаркет, продавниците на Okaidi на Fashion Group, продавниците на Нептун, на Chicco и на Ексима.

Голема благодарност до **Прографика** кои ги изработија налепниците за касичките за донации.Пред крајот на јуни, направивме мала акција за празнење на оние касички кои беа речиси полни. Во касичката во Рамстор граѓаните подарија **14.765**,00 денари; од касичката во СП маркетот – Чешма **3.750,00 денари**, СП Маркет – Расадник **2.105,00 денари**, СП Маркет – Драчево **4.437,00** и Центарот за убавина Unique **4.300,00 денари** ; односно вкупно собрани средства се **29.350,00** денари. Средствата се наменети за тековните програмски активности на Амбасадата.

**Благодарност до сите граѓани кои донираа средства и ја поддржаа работата на Амбасадата**

## Нова fundraising акција во соработка со училиштето НОВА

Од неодамна, Првата детска амбасада во светот- Меѓаши почна со изработка на украсни фигури/магнети како дел од активностите за собирање средства.

Фигурите, кои се изработени од специјален пластифициран гипс, рачно ги боеја волонтерите на Меѓаши, учениците од гимназијата НОВА и холандските членови на Интернационалното здружение на жени.



Досега се изработени преку 500 парчиња од овие украсни фигури, со чија продажба се собраа 16.000 денари. Дел од собраните средства ги инвестиравме во ирзаботката на касичките за донации а останатите ги искористивме за материјали за бесплатните детските работилници во Амбасадата Меѓаши. Украсните фигури засега можат да се купат на специјалните настани кои ги организира Амбасадата Меѓаши или директно во нашите простории на Коста Новаковиќ 22а.

Во моментов, рачната изработка на фигурите се одвива насвистина бавно, но, од септември изработаката на фигури ќе биде вклучена како редовен проект во програмата на гимназијата НОВА.



**Сите фигури рачно се изработуваат**

## Промоција пред Интернационалното здружение на жени

На 10. мај 2006 имавме можност да ја претставиме нашата организација пред членовите на Интернационалното здружение на жени.

Кратката презентацијата се одржа на нивнот состанок во ресторанот Ден и Ноќ, пред околу 100 членови на здружението. Ние ги презентираме сите наши досегашни активности, тековни проекти и идните планови. На крајот од нивниот состанок, ги изложивме и нашите украсни фигури/магнети.

На многу членови на ова здружение толку им се допадна Првата детска амбасада во светот- Меѓаши, што ветија и дека ќе дојдат да не посетат.

Бидејќи состанокот траеше кратко, а ние имавме многу што да кажеме за нашите резултати – Интернационалното здружение на жени ни вети можност за уште една, поопширна презентација на амбасадата, која ја закажавме по завршувањето на летните месеци.

Во меѓувреме, некои од членовите веке ја посетија нашата Амбасада и беа наши гости.



**Голема заинтересираност за нашата Амбасада**

## Голема БЛАГОДАРНОСТ

Првата детска амбасада во светот– Меѓаши не би можела да опстои без поддршката која и ја укажуваат хумани поединци, здруженија и претставници од бизнис секторот.

Изразуваме благодарност за поддршката на: **Македонски Телекомуникации, Стопанска Банка, Росана, Прографика, Рамстор, Пексим компјутери, Nextsense, Вива сокови, Јого Меркур, Авизо, Фуга,**

**И уште еднаш, ГОЛЕМА благодарност на сите поединци кои не поддржуваат!**

## Уписи за детските работилници

Уписите за бесплатните детски работилници во Детската Амбасада Меѓаши ќе започнат во септември.

Спортската работилница ке продолжи да се одржува и во текот на летото, секој понеделник, среда и петок од 18:30 часот на игралиштето позади Амбасадата Меѓаши

Сите заинтересирани може да се пријават на нашиот телефон 02/ 2465 316.

Прва детска амбасада во светот–Меѓаши, Република Македонија


*Коста Новаковиќ 22а*
*1000 Скопје*
*Република Македонија*
*телефон: +389 22 465 316*
*Тел/факс: +389 22 463 900*
*E-mail: info@childrensembassy.org.mk*

*Жиро сметка 200000010722372*
*Даночен број 4030995179890*
*Депонент на Стопанска Банка а.д. Скопје*
*Девизна сметка: SWIFT STOB MK 2X*
*ID 1066179 0006233480 Euro 0007535360 USD*


Посетете не и на интернет!
www.childrensembassy.org.mk

**Детска Амбасада– Меѓаши**

***Првата детска амбасада во светот-Меѓаши*** *е основана на* ***29 Април 1992*** *година во Скопје, како светска асоцијација и прва регистрирана меѓународна, непрофитна, непартиска и невладина организација во Република Македонија за заштита на правата на детето.*

***Амбасада Меѓаши*** *се залага за почитување на детската личност преку заштита на нивните права, застапување на детските интереси и преку збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно и творечко. Го зајакнува НВО движењето за правата на детето развивајќи го волонтерскиот пристап во работата и се грижи за спроведување на Конвенцијата за правата на детето.*

*Идејата, името и маскотата (Бушавко) се заштитени во Министерството за развој на Р.Македонија, Завод за заштита на индустриската сопственот под жиг бр. 864, 864 и 865 во 1994 година.*

*Донирајте 50 денари со повик или смс*

***075/141-525***

Италијанската страница:

www.childrensembassy.it

## СОС телефон за деца и млади

## 0800 1 2222

Бесплатниот СОС телефон за деца и млади при Првата детска амбасада во светот- Меѓаши (0800 12222) продолжува континуитрано со својата работа. Тој е прв СОС телефон за деца и млади во земјава и функционира повеќе од 13 години (од 1993г.). Работи секој работен ден од 08:00 до 20:00 часот.

На 30.06.2006, во 10 часот, во просториите на Детската Амбасада – Меѓаши се одржа прес конференција по повод објавување на шестмесечниот извештај за 2006 на СОС телефонот.

На прес конференцијата ги информиравме новинарите за состојбата на СОС телефонот од јануари до јуни 2006. За овие шест месеци состојбата покажува алармантно зголемување на случаи поврзани со насилство. Од вкупно **451 регистриран повик** на телефонот, 90 повици – или **20% се поврзани со насилство**. Пред се станува збор за физичко (35,6%) и сексуално насилство (18,8%), кое најчесто се случува во рамките на домот (35,6%), но не ретки се и случаите на насилство во рамки на училиштата – извршено од страна на наставниците или помеѓу самите деца.




СОС телефонот е

## Случаи на кршење на детските права пријавени на СОС телефонот

1. Сексуално насилство врз пет годишно девојче од страна на тринаесетгодишен малолетник

2. Сексуално злоставено машко малолетно дете од страна на Ангелче П. Против Ангелче П. предходно биле поднесени 63 пријави за повеќе различни прекршоци.

3. Психичко насилство од страна на двајца наставници од ОУ Кочо Рацин од Прилеп врз ученик од истото училиште.

4. Пријава за физичко малтретирање на жена и три малолетни деца (3, 9 и 12 год) од страна на таткото.

5. Две деца, на осум и единаесет години, се киднапирани од страна на мајката и изнесени надвор од земјата. Таткото на киднапираните деца е во потрага по нив.

6. Посвоено девојче физички нападнато од страна на комшија кој насилно влегол во куќата каде девојчето живее заедно со својот татко. Случајот го пријавил таткото.

7. Случај на физичо малтретирање на две сестрички (9 и 13 години) од страна на нивната мајка.

8. Мајка си го бара правото да ја гледа својата четиригодишна ќерка која е доделена на чување кај таткото.